# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ДОБАВУВАЧИ

## НАСОКИ ЗА ДОБАВУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

Менаџментот на Македонски Телеком АД (во понатамошниот текст: Телеком) е посветен на вршење бизнис со највисоко ниво на свесност, посветеност и почитување на важечките закони и прописи и со највисоко ниво на стандарди на етичко деловно однесување. Поради својата големина, Македонски Телеком има влијание на неколку други чинители во економијата, така што опсегот на неговата одговорности не може да биде ограничен во рамките на Телеком. Телеком работи заедно со неколку стотици добавувачи, вклучувајќи и големи меѓународни корпорации и бројни мали и средни претпријатија. Покрај тоа, важно е и да се воспоставаат деловни контакти со други слични компании, чиешто економско, социјално и еколошко работење се врши според најстрогите етички стандарди.

## КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ НАСОКИ КОИШТО ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДАТ ДОБАВУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ?

### КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ



Во Кодексот на однесување на Телеком се наведени правилата за етичко и законско деловно однесување и се утврдени основните принципи на деловните односи со добавувачите (на пример, забрана за активна и пасивна корупција, чисти набавки, регулирање на судирите на интереси). Документот е достапен на нашата веб страница на следниов линк: https://www.telekom.mk/Kodeks-na-odnesuvanje.pdf

### КОДЕКС ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СОЦИЈАЛНИ ПРИНЦИПИ

Стандардите утврдени во Кодексот за човековите права и социјални принципи (на пример, одбивање на дискриминација, спроведување на човековите права, поддршка за еднакви можности, одбивање на принудна работа) се задолжителни за целата ДТ Групација. Кодексот се основа на меѓународно прифатени норми, насоки и стандарди на фундаменталните конвенции на Меѓународната организацијата на трудот и декларацијата за мултинационални корпорации, насоките на ОЕЦД, Глобалниот договор и Принципите на ОН за управување со деловните и човековите права. Документот е достапен на следниов линк: https://www.telekom.mk/Kodeks-na-covekovi-prava-i-socijalni-principi.pdf

### ОДРЖЛИВОСТ



Одржливоста и признавањето на поврзаноста помеѓу животната средина, општеството и економијата, како и активното и позитивно учество во овие заложби се дел од долгорочните стратешки принципи на компанијата и како резултат на тоа, Телеком е посветен на соработката со своите партнери во духот на горенаведеното како во Северна Македонија и така и во сите други земји каде Телеком соработува со други субјекти или бизниси. Покрај тоа, Телеком вложува максимални напори да осигури дека неговите добавувачи работат во согласност со стандардите за одржливост, при што проверката, оценувањето и квалификацијата се прават со нивна активна соработка од перспектива на одржливост, а страните заеднички се справуваат со инциденти поврзани со одржливоста и ги подобруваат своите процеси. Аспектите поврзани со климата и заштитата на животната средина се од клучно значење и како резултат на тоа, Телеком, како одговорна компанија вложува максимални напори да осигури дека технологиите коишто се применуваат имаат минимално влијание на животната средина.

Поврзување на политиките и директивите на Телеком со одржливоста:

- Извештај за диверзитетот и корпоративната одговорност: https://www.cr-report.telekom.com/site19/national-companies#makedonski-telekom
- Политика за заштита на животната средина на Македонски Телеком https://www.telekom.mk/Politika-za-zastita-na-zivotna-sredina.pdf
- Финансиски кодекс за етичко однесување: https://www.telekom.mk/Finansiski-kodeks-na-eticko-odnesuvanje.pdf
- Политика за квалитет на Македонски Телеком: https://www.telekom.mk/Politika-za-kvalitet-MKT.pdf

Македонски Телеком изјавува дека своите активности ги врши според горенаведените принципи и истото го очекува од сите колеги и партнери.

## КОИ СЕ НАЈВАЖНИТЕ ТОЧКИ НА ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ТЕЛЕКОМ И НЕГОВИТЕ ДОБАВУВАЧИ ПРИ НИВНАТА СЕКОЈДНЕВНА СОРАБОТКА?

Покрај горенаведените насоки, постојат и практични правила за регулирање на соработката меѓу Телеком и добавувачите. Сметаме дека е важно овие правила да ги знаат не само вработените на Телеком, туку и нашите добавувачи да ги разберат и да ја прифатат потребата од подолу дефинираните услови и рамката за нашата соработка.

## НЕОПХОДНОСТ ОД ДЛАБИНСКА АНАЛИЗА

Пред склучувањето на договори што резултираат со обврска за плаќање од страна на Телеком, важно е да се изврши проверка на договорниот партнер, така што Телеком ќе може да ја утврди деловната подобност на добавувачите, нивниот иден потенцијал за работа, како и нивната професионална и сопственичка позадина. За таа цел, Телеком бара да му се достават документите за регистрација на компанијата и други документи, а во некои случаи може да побара и дополнителни изјави од лицето што е овластено да дава законски обврзувачки изјави во име на компанијата. Оваа процедура за длабинска анализа не е применлива само за регистрирањето на нови добавувачи, туку и постојните партнери може да бидат подложени на редовни и континуирани проверки. Телеком бара од своите партнери да соработуваат со вработените во компанијата во текот на процесот на длабинска анализа со цел да се воспостави и да се одржи плодна деловна соработка.

## КЛАУЗУЛА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУМПИРАНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ДОГОВОРИТЕ НА ТЕЛЕКОМ



Телеком не толерира намера или зделка базирана на корупција; за таа цел, изготвени се неколку интерни политики и процедури за забрана и спречување на поткуп (вклучувајќи и вршење на плаќања за олеснување). Телеком очекува и од деловните партнери и добавувачи да се воздржуваат од незаконско користење на парите или други надоместоци што се плаќаат од страна на Телеком (вклучувајќи и прекршување на законите за спречување на корупција).
Пред да се преземе ваква обврска, како дел од процесот на предквалификација и длабинска анализа, добавувачите мора да бидат свесни за и да ја прифатат клаузулата на Телеком за спречување на корумпирано однесување, којашто е задолжителен елемент на сите договори.
Ве молиме внимателно да ја разгледате клаузулата и да не известите доколку некој јавен службеник е вклучен во вашата работа.

Прекршувањето на клаузулата за спречување на корумпирано однесување се смета за кршење на договорот.
Клаузулата е достапна на следниов линк:

https://www.telekom.mk/Klauzula-za-sprecuvanje-na-korumpirano-odnesuvanje.pdf

## НУДЕЊЕ, ПРИФАЌАЊЕ НА ПОДАРОЦИ, ПОКАНИ ЗА НАСТАНИ И ДРУГИ ПРЕДНОСТИ



Нудењето подароци и покани (или какви било други поволности) генерално се одобрува за цели на одржување добри деловни односи. Меѓутоа, партнерите мора да ги знаат и да ги почитуваат соодветните интерни регулативи.
Важно за вработените на Телеком е подароците и поканите да не бидат чести, да не бидат побарани од страна на примателот, нивната вредност да не биде висока и да не влијаат на деловните одлуки – важно е да избегнува дури и помисла на каков било обид за нефер влијание врз деловниот партнер.
Според интерните регулативи на Телеком, за прифаќањето на подароци и покани над одредена вредност потребно е да се добие одобрување и одлука од менаџерот на примателот. За таа цел, Телеком бара од своите партнери да ги почитуваат нашите интерни регулативи што се применливи за однесувањето на вработените на Телеком.

Во случај на какви било прашања, можете да се обратите на Службата за усогласеност преку ask.compliance@telekom.mk.
Пријавите за измамнички активности можат да се поднесат на Tell me! порталот за пријавување неправилности (адреса: Кеј 13-ти ноември бр. 6, 1000 Скопје, тел.: +389 2 3242530, е-маил: tell.me@telekom.mk.